# Бразил - Рио и Сао Паоло

## 20. јануари 2026. - 29. јануари 2026.
## 10 дена - 7 ноќи

Незаборавна Jungle авантура во земјата на живописни водопади и бесконечни џунгли, но и земјата на живи градови и прекрасни плажи. Држава која во секој дел од годината го слави животот, па затоа и цело време има фестивали!! Дами и господа во 2025 КОНЕЕЕЧНО го освојуваме нашето 7мо и последно Светско чудо -- Исус Спасителот. Дали сте вистински спремни за најновата авантура во БРАЗИЛ?!

Бразилците се познати по нивната желба за живот. Започнувајќи од заразната музика на Бразил - самба и боса-нова до афро-бразилски ритам - и уличните журки кој ги има на секој агол.

Започнуваме со истражување на најголемиот град – Сао Паоло. Огромни булевари, високи згради и луди руфтоп барови. Град кој се носи рамо до рамо со најголемите мегалополиси на #целсвет, како Токио, Њујорк, Шангај итн. Оттука продолжуваме во незаборавниот Рио.

Град кој во секој ден од годината го слави животот, па можеби затоа и цело време слават различни фестивали. Ааа ние го посетуваме во месецот на Карнивал!! Гледаме како локалците пополека се припремаат за најважниот фестивал на оваа држава.

Од Рио ги посетуваме и двете најубави плажи во Јужна Америка – пиеме кајпирињи на Копакабана и Ипанема. Копакабана е причината поради која милиони луѓе се заљубуваат во Рио. Опкружени сте со хотели, кафулиња, ресторани, песок и море - идеална комбинација за сите ваши сетила. Играме одбојка или фудбал на плажа со локалците, и шетаме по познатото шеталиште кое е декорирано со мозаици во форма на бран.

Ги посетуваме и двата најважни видоковци кој ни нудат незаборавен поглед и фотки над Рио -- Pedra de Telegrafo и Dona Marta.

Ааaа на самиот крај се качуваме на врвот на светот да освоиме уште едно светско чудо -- статуата Исус Искупителот, за голем дел од вас и вашето последно!!

**Учиме да танцуваме самба, уживаме на предобри плажи, пиеме превкусни коктели и освојуваме уште едно светско чудо! Дали Ви ја подготвивме совршената зимска авантура?**

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците на аеродромот во Скопје, лет со Turkish Airlines за Истанбул. Пристигнување во Истанбул и преседнување на лет за Рио, Бразил. Одиме во една од најживите држави во Јужна Америка! Авантурата може да започне!!!

**Превоз**

Локален трансфер од Скопје до Меѓународниот аеродром во Софија.
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Софија - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Сместување**

Хотел во Сао Паоло **(1 ноќ)**

**Место**

Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување во Рио**

Пристигнување во Рио. трансфер до сместување. Правиме check-in во нашиот хотел. Имаме слободно време да го истражиме еден од најживите градови на #целсвет. Танцуваме бачата со локалците и пиеме превкусни кајпирињи!

**Превоз**

Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Сао Паоло (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Сместување**

Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**

Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Ден 3: Факултативен излет - Фавела, фабрика за маски и училиште за Самба**

По појадок се упатуваме на факултативниот излет -- Посета на фавела и училиште самба. Започнуваме со посета на една од нашите омилени фавели на јужната зона на Рио де Жанеиро - Росиња! Се движиме по тесни улички, со шарени куќи и се запознаваме со локалниот живот во Рио. После тоа ја продолжуваме нашата авантура со посета на една од карневалските фабрики, каде ќе имаме можност да ѕирнеме зад сцената на најголемата светска забава на отворено, карневалот во Рио. Гледаме како целиот град се спрема за овој настан и како цела фабрика работи со полн-погон. Време е да танцуваме во ритамот на самбата додека го дегустираме познатиот бразилски коктел Кајпириња, се надеваме дека сте спремни да научите Самба -- посетуваме и училиште каде гледаме како локалците се спремаат за Карнивал и го спремаат перформансот на овој познат танц. Вечерно враќање во сместувањето.

**Сместување**

Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**

Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Фавела, фабрика за маски и училиште за Самба

**Ден 4: Факултативен излет -- Шеќерната глава, Олимписки булевар и Парк Леге**

По појадок, време е за нова авантура. Заминуваме на другата страна на Рио и ја посетуваме прочуената Шеќерна Глава.  Планината го добила ова име поради нејзиниот облик, а Бразил е најголемиот извозник во светот токму на шеќер. Баш оттука е и прочуениот поглед на областа Урка, Ботафого и Копакабана. Потоа следи посета на боемскиот кварт во Рио, Санта Тереза. Овие улични и колоритни згради ја претставуваат сржта на Бразил. На ова место, бројни музички ѕвезди како *Snoop Dog* и групата *U2* имаат снимено спотови. Одиме на обилен бразилски ручек каде можете да вкусите автентични јадења како што се на пример феижоаде (црн грав), мокеке ("бразилска паеља"), *pao de queijao* (пециво со сирење), но и многу други Бразилски деликатеси. За крај, се запознаваме со урбаната страна на Рио, каде не чекаат огромни графити на Олимпискиот булевар. За крај, се запознаваме со урбаната страна на Рио, каде не чекаат огромни графити на Олимпискиот булевар. Некогаш големите хангари, неодамна се искористени за израз на алтернативна уметност. Графитите го отсликуваат олимпискиот дух и планетарно заедништво во автохтон стил. Тука и ги посетуваме познатите шарени скали -- Selaron Steps. Продолжуваме кон спортскиот бисер на Рио кој не смее да се пропушти -- стадионот Маракана. Познатиот стадион сеуште претставува горчлив спомен на кариоките за „Маракана" со трагедијата„ кога во 1950. година шокантно им избега титулата светски првак.

**Сместување**
Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Шеќерна глава, Олимписки булевар и стадионот Маракана

**Ден 5: Факултативен излет -- Статуа на Исус Искупителот, Дона Марта и паркот Леге.**

Овој ден го започнуваме со статуата на Исус Христос Искупителот на ридот Корковадо која спаѓа во седумте нови светски чуда. Подигната е во дваесеттите години на минатиот век. Денес стои со раширени раце над заливот Гванабара и ги благословува кариоките (жителите на Рио). Статуата е сместена на ридот Корковадо на височина од 710 метри, од која се пружа неверојатен поглед на живописните делови на Рио. Потоа продолжуваме до двата најубави видиковци во Рио -- Visa Chinesa и Donna Marta. Нашата авантура ја завршуваме во пакот Лага, одмараме по напорниот ден во бескрајното зеленило на овој живописен парк. Враќање во сместувањето.

**Сместување**
Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Статуата на Исус Христос Искупителот, Дона Марта и Лаге

**Ден 6: Слободен ден за уживање на најубавите плажи на државата**

Слободно време кое можеме да го искористиме за уживање на најпознатите плажи во градот -- Копакабана и Ипанема. Пиеме кајпирињи како вистински бразилци и ја впиваме енергијата на оваа прекрасна држава. Препознатливите брановидни шари на патеките на овие две плажи привлекуваат туристи и продавачи на необични сувенири од цела Јужна Америка. Покрај пливањето, на плажите има и бројни терени за фудбал и одбојка. На крајот на денот, ви препорачуваме да се искачите на карпата Арпоадор, дом на уникатни кактуси. Малиот полуостров помеѓу Ипанема и Копакабана нуди незаборавен поглед на зајдисонцето над бразилските фавели. Кариоките (или локалците) го дочекуваат секое зајдисонце со аплауз, а на патот кон сместувањето застануваме во некои од локалните барови, пробуваме необични комбинации на амазонско овошје како акаи и пиеме коктели со рум, додека правиме планови за следните денови.

**Сместување**
Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 7: Факултативен излет -- Pedra do Telegrafo**

Место кое доживеа светска популарност благодарение на фотографиите кои се прават тука! На ова место некогаш постоела опсерваторија која ја користеле морнарите во текот на Втората светска војна. Денес ова место го посетуваат бројни туристи и уживаат во автентичниот трекинг до видиковецот. Погледот и фотографиите кои ќе ги направите со сигурност ќе Ве остават без здив. Бујното зеленило и магичната вегетација, океанот и плажите го прават овој предел многу живописен. На враќањето ќе поминеме до најшарената продавница *Havainas* и на освежувачко асаи.

**Сместување**
Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Pedra do Telegrafo

**Ден 8: Факултативен излет -- Градот Петрополис**

Денот го користиме за посета на царскиот град Петрополис. Гратче на периферијата на Рио кое важи за најбогато и најбезбедно место во Бразил. Подигнат е во чест на Педро II, последниот бразилски цар, кој со Бразил владеел 58 години. Овој град го красат мноштво театри, музеи, галерии и палати. Дури и најпознатата бразилска пивара се наоѓа во овој град. Градот е познат и по својот мултикултурализам со оглед на тоа што таму живеат големи заедници на германци, јапонци, италијани, и сл.. Во овој град се чуваат и спомените на бројните познати граѓани како книжевникот Стефан Цвајг или пионерот на авијацијата Алберт Сантос - Димон и нивните куќи биле претворени во вистински музеи. По прошетка во овој град ги посетуваме царскиот музеј и претседателската палата Рио Негро.

**Сместување**
Mengo Palace Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Градот Петрополис

**Ден 9: Напуштање на сместувањето и слободно време до поаѓање**

По појадок правиме check-out од нашето сместување и имаме слободно време да прошетаме во Рио, докупуваме уште по некој сувенир, јадеме традиционална храна и пиеме кајпириња за довидување. Трансфер до аеродромот и лет за Истанбул.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Сао Паоло - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro), Истанбул

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 10: Враќање и крај на патувањето**

Пристигнување во Истанбул. Лет од Истанбул до Скопје. **Крај на патувањето.**

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Софија (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од меѓународниот аеродром во Софија до Скопје

**Место**
Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

| **Што е вклучено** |
| --- |
| Регуларна цена<br>**1.849,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи само за **првите 4 пријави!**<br>**1.699,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици

Сите уплати се вршат исклучиво во денарска противредност по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€.** Преостанатиот дел се плаќа најдоцна **40 дена пред поаѓање.**

**Важна напомена: При самото пријавување за овој аранжман, агенцијата веднаш ги купува и издава сите локални авионски карти потребни за реализација на патувањето (пр. Сао Паоло - Рио и Рио - Сао Паоло). Од таа причина, во случај на откажување на аранжманот од страна на патникот/патниците, средствата уплатени при пријава (200€ по лице, во денарска противвредност) се нерефундабилни!**

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не сноси одговорност. Пријавата е валидна единствено со уплаќање на аванс.

Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура), и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

**Факултативни излети**

**Фавела, фабрика за маски и училиште за Самба**

**Цена**: **85,00** EUR

Започнуваме со посета на една од нашите омилени фавели на јужната зона на Рио де Жанеиро! Се движиме по тесни улички, со шарени куќи и се запознаваме со локалниот живот во Рио. После тоа ја продолжуваме нашата авантура со посета на една од карневалските фабрики, каде ќе имаме можност да ѕирнеме зад сцената на најголемата светска забава на отворено, карневалот во Рио. Гледаме како целиот град се спрема за овој настан и како цела фабрика работи со полн-погон. Учиме повеќе за значењето на маските и за процесот на правење на истите, процес кој трае околку 12 месеци. Време е да танцуваме во ритамот на самбата додека го дегустираме познатиот бразилски коктел Кајпириња!! Се надеваме дека сте спремни да научите повеќе за Самба -- посетуваме и училиште каде гледаме како локалците се спремаат за Карнивал и го спремаат перформансот на овој познат танц.

**Шеќерна глава, Олимписки булевар и стадионот Маракана**

**Цена**: **90,00** EUR

Заминуваме на другата страна на Рио и ја посетуваме прочуената Шеќерна Глава, која се наоѓа над заливот Гуанабара, чиешто име го симболизира издигнувањето на островот од заливот - кој е дел од атлантскиот океан. Планината го добила ова име поради нејзиниот облик, а Бразил е најголемиот извозник во светот токму на шеќер. Баш оттука е и прочуениот поглед на областа Урка, Ботафого и Копакабана. Потоа следи посета на боемскиот кварт во Рио, Санта Тереза. Овие улични и колоритни згради ја претставуваат сржта на Бразил. Не пропуштаме шанса да се прошетаме и по препознатливите скали на Хорхе Селарон. На ова место, бројни музички ѕвезди како *Snoop Dog* и групата *U2* имаат снимено спотови. Одиме на обилен бразилски ручек каде можете да вкусите автентични јадења како што се на пример феижоаде (црн грав), мокеке ("бразилска паеља"), *pao de queijao* (пециво со сирење), но и многу други Бразилски деликатеси. За крај, се запознаваме со урбаната страна на Рио, каде не чекаат огромни графити на Олимпискиот булевар. Некогаш големите хангари, неодамна се искористени за израз на алтернативна уметност. Графитите го отсликуваат олимпискиот дух и планетарно заедништво во автохтон стил. Продолжуваме кон спортскиот бисер на Рио кој не смее да се пропушти е стадионот Маракана. Познатиот стадион сеуште претставува горчлив спомен на кариоките за „Мараканасо трагедијата„ кога во 1950. година шокантно им избега титулата светски првак.

Во цената на излетот е вклучено: превоз, водич и билет за жичарница за Шеќерната Глава.

Во цената не е вклучен: ручек, влезница на стадионот - Maracanã

**Статуата на Исус Христос Искупителот, Дона Марта и Лаге**

**Цена**: **80,00** EUR

Овој ден го започнуваме со статуата на Исус Христос Искупителот на ридот Корковадо која спаѓа во седумте нови светски чуда. Подигната е во дваесеттите години на минатиот век. Денес стои со раширени раце над заливот Гванабара и ги благословува кариоките (жителите на Рио). Статуата е сместена на ридот Корковадо на височина од 710 метри, од која се пружа неверојатен поглед на живописните делови на Рио. Доколку временските услови ни дозволат денот ќе го разведриме со погледот од видиковецот *Vista Chinesa*, кај градбата која ја подигнале кинески имигранти на местото каде уживале во опиум бегајќи од тешката работа во хациендите околу Рио. Одиме и до видиковецот Дона Марта, од каде имаме панорамски поглед над градот, оттука ги забележуваме Шеќерната глава, стадионот Маракана, заливите Гуанабара и Корковадо. На крајот од денот се одмараме во зеленилото на паркот Лаге, или „Паркот на лагите", каде што има прекрасна вила од почетокот на минатиот век што еден богат индустријалец и ја подарил на својата сопруга за таа да има простор за одржување на нејзините музички настани. Се шетаме и уживаме во зеленилото на овој парк.

Во цената на излетот е вклучено: транспорт, локален водич и билет за воз до статуата на Исус Спасителот.

**Pedra do Telegrafo**

**Цена**: **55,00** EUR

Место кое доживеа планетарна популарност благодарение на фотографиите кои се прават тука! На ова место некогаш постоела опсерваторија која ја користеле поморските сили во текот на Втората светска војна. Денес ова место го посетуваат бројни туристи и уживаат во автентичниот трекинг до видиковецот. Погледот и фотографиите кои ќе ги направите со сигурност ќе Ве остават без здив. Бујното зеленило и магичната вегетација, океанот и плажите го прават овој предел многу живописен. Во зоната *Telegrapho* не е дозволено движење на туристички автобуси и затоа се користи превоз со комбе. На враќањето ќе свратиме до најшарената продавница *Havainas* и на освежувачко асаи.

**Градот Петрополис**

**Цена**: **90,00** EUR

Денот го користиме за посета на царскиот град Петрополис. Гратче на периферијата на Рио кое важи за најбогато и најбезбедно место во Бразил. Подигнат е во чест

на Педро II, последниот бразилски цар, кој со Бразил владеел 58 години. Овој град го красат мноштво театри, музеи, галерии и палати. Дури и најпознатата бразилска пивара се наоѓа во овој град. Градот е познат и по својот мултикултурализам со оглед на тоа што таму живеат големи заедници на германци, јапонци, италијани, и сл.. Во овој град се чуваат и спомените на бројните познати граѓани како книжевникот Стефан Цвајг или пионерот на авијацијата Алберт Сантос - Димон и нивните куќи биле претворени во вистински музеи. По прошетка во овој град ги посетуваме царскиот музеј и претседателската палата Рио Негро.

**Сместување**

**Хотел во Сао Паоло** **/***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотел 2/3* е сместувачки објект во Сао Паоло кој располага со двокреветни соби. Сите соби се климатизирани и поседуваат тоалет. Услугата е на база ноќевање со појадок. Името на хотелот ќе биде потврдено по формирање на групата, најдоцна 14 дена пред поаѓање.

**Mengo Palace Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Mengo Palace Hotel е модерен хотел со 3* по локална категоризација во Рио. Хотелот располага со ресторан, спа и фитнес центар. Собите се двокреветни со приватен тоалет, клима уред, сеф, телевизор и бесплатен Wi-Fi интернет. Се наоѓа во центарот на Рио, близу до сите најважни точки и ресторани/кафулиња.

**Услугата е на база ноќевање со појадок.**

**Сајт**
https://www.mengopalace.com.br/

**Адреса**
R. Correia Dutra
31 - Flamengo
Rio de Janeiro - RJ
22210-050
Brazil

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)**

Рио де Жанеиро (Rio de Janeiro)е најпознат град во Бразил. Спектакуларното природно опкружување, карневалот, самбата и плажите како Копакабана, Ипанема и Леблон, како и големата статуа на Исус над градот, се она по што се препознава овој град.

**Корисни информации**

**Бразил**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**
Бразил е федерално конституирана република со преку 209 милиони жители. Во главниот град Бразилија (основан дури во 1960 година) живеат околу 4.2 милиони жители. Од 1822 година Бразил се изборил за независност од Португалија.

**2. ВИЗА**
Виза за Бразил не е потребна за престој до 90 дена

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА:**
Временските зони во Бразил се UTC -5, UTC -4 и UTC -3. Нам ни е важна временската зона во која се наоѓа Рио де Жанеиро а тоа е UTC-3 (-5 часа во однос на нас).

**4. КЛИМА**
Бразил зафаќа повеќе климатски појаси: пустински, екваторијален, тропски, суптропски, океански и умерен. Рио се наоѓа во тропската климатска зона. Летата се суви и највисоката температура изнесува околу 26 степени додека во зима највисоката температура достигнува до 32 степени. Просечната температура на морето се движи помеѓу 23 и 24 степени.

**5. ХРАНА И ПИЈАЛОК**

Бразилската кујна влече свои корени од португалската така што нејзиниот вкус е во голем дел европеизиран. Исклучок се додатоците од африканската кујна (како ацараја). Главни состојки со оброците се ориз, помфрит, јајца и сл. Во Бразил многу ги сакаат нивните пецива познати како емпанаде. Feijoada е прочуено јадење каде се меша црн грав со месо, најчесто свинско. Национално слатко е кокадас кое се прави од кокос.

Cachaca е бразилска национална ракија. Во прашање е напиток од шеќерна трска а се користи најмногу за правење на познатиот коктел Caipirinha.

Задолжително се купува флаширана вода во продавниците.

**6. ЗДРАВЈЕ**
Доказ за вакцинација против жолта грозница не е неопходен за градовите како Рио или Сао Паоло но надлежните бразилски органи можат да побараат жолт картон за време на патувањето од Бразил во другите латиноамерикански земји.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**
Патничко осигурување не е задолжително но секако го препорачуваме за далечните дестинации. Можете да го уплатите во која било осигурителна компанија и да го понесете на патувањето, или може да го уплатите во агенцијата најдоцна 5 дена пред поаѓање.

**8. СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**
Бразил е држава во која туристите треба да се движат во градовите кои имаат звои туристички зони. Тие се со непрестано присуство на полиција и туристите можат слободно да се движат. Посетата на пацифичките фавели без локален водич во никој случај не се препорачува.

**9. ОБЛЕКА**
Што се однесува до гардеробата, понесете летна гардероба и спакувајте што е можно помалку облека. Понесете и нешто со долги ракави и долги панталони пред се поради авионите. Исто така секогаш советуваме во рачниот багаж да спакувате гардероба за секој случај кои можат да ви се најдат во случај да се изгуби багажот.

**10. КОМУНИКАЦИЈА**
Нашите мрежи во главно имаат покриеност во целиот Бразил. Во случај да ви е неопходен непрестан интернет постои варијанта за купување на локална SIM картичка. Интернет исто така поседуваат сместувањата и рестораните.

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.

- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с� треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.